ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

ДСГ

ДИЈАГНОСТИЧКО СРОДНИ ГРУПИ

ИЗВЕШТАЈ ЗА ПЕРИОД ЈАНУАРИ – ЈУНИ 2011

Изработил: Работна група за ДСГ од Фондот за здравствено осигурување

Скопје септември, 2011

СОДРЖИНА

Вовед 3

Методологија и дефиниции 5

Статистичка анализа на ДСГ податоците 7

- Вкупен број на евидентирани услуги 11
- Најчести ДРГ услуги 12
- Главни дојагностички Категории 13
- Вид на нега 13
- Грешни кодови 13
- Дијагнози 13
- Денови на престој 14
- Демографски податоци - пол и возраст 15

Комплексност на случаите или case mix index 16

I дел : ПОДАТОЦИ ЗА ПЕРИОД ЈАНУАРИ –ЈУНИ 2011 17

Преглед по здравствени установи 17

Преглед по тип на здравствени установи 19

ДСГ групи кои претставуваат 80% од индексот на тежина 19

ДСГ групи кои представуваат 80% од вкупниот број на ДСГ услуги 20

50 најчести главни дијагнози 27

Поглавја по МКБ-10 класификацијата 38

Преглед по MDC (Главна дијагностичка категорија) 39

Број на секундарни дијагнози и процедури по ДСГ услуга 40

Преглед на грешни ДСГ групи 42

Ниво на клиничка комплексност (PCCL) 44

По пол 45

Денови на престој 46

Тип на испис од болницата 46

Старосни групи 47

Преглед по медицински гранки збирно 48

Преглед по медицински гранки по здравствени установи 49

Case – mix компаратор на клиники 52

Case – mix компаратор на ЈЗУ клиничките болници и општи болници 53

Case – mix компаратор на специјалните болници 54

Case – mix компаратор на психијатриските болници 55

Case – mix компаратор на ПЗУ клиникчки болници 56

Учество на комплексни случаи (PCCL) за 2011 година 57

I. дел : *ДСГ УСЛУГИ СО НАЈГОЛЕМА ПОТРОШУВАЧКА НА РЕСУРСИТЕ* 58

- Општи болници 58
- Клинички болници 71
- Клиники 74
- Специјални болници 100
- Психијатриски болници 109
- ПЗУ клинички болници 112

II дел : СПОРЕДБА НА ПОДАТОЦИТЕ ЗА ПЕРИОД ЈАНУАРИ – ЈУНИ 2009-2011 ГОДИНА 116

Број на случаи во здравствените установи споредба јануари-јуни 2011-2011 116

- Споредба по месеци за период јануари-јуни – 2009-2011 гопдина 120

ВОВЕД

Како составен дел на реформите во системот на здравството во Македонија, во почетокот на 2008 година започна имплементацијата на нов механизам на евидентирање и финансирање на болничките услуги наречен дијагностичко сродни групи (ДСГ).

Македонскиот ДСГ модел се темели на австралиската класификација под името Australian Refined Diagnosis Related Groups (AR-DRG version 5.2). Основа на AR-DRG е *Меѓународната статистичка класификација на болести и сродни здравствени проблеми, Десетта ревизија, (*МКБ-10-АМ), *Австралиска класификација на здравствени интервенции (*АКЗИ) *и Австралиски стандарди за шифрирање (*АСК*)* кои се објавени на WEB страницата на ФЗОМ.

Со воведувањето на ДСГ моделот во Македонија се очекува да се постигнат следните цели:

- Изедначување на чинењето на здравствените услуги во сите здравствени установи во Република Македонија за исти дијагностички групи и за иста комплексност,
- Зголемување на ефикасноста во користењето на расположливите средства (материјални и човечки ресурси),
- Планирање на видот и обемот на услугите, а со тоа и планирање на ресурсите,
- Независност и самостојност во работењето на здравствените установи, зголемена одговорност и отчетност,
- Одговорност за квалитетно и економично работење,
- Еднаква распределба на средствата во зависност од извршените здравствени услуги,
- Обезбедување на поквалитетни здравствени услуги на осигурените лица,
- Рационално трошење на средствата, намалување на трошоците, намалување на должината на хоспитализација,
- Обезбедување на здравствена заштита според потребите на населението.

Фондот за здравствено осигурување на Македонија од 01.01.2009 година започна да го применува новиот ДСГ начин на фактурирање на здравствените услуги во болничката здравствена заштита.

Со цел да овозможи поефикасна употреба на ДСГ системот во Македонија ФЗОМ формира Работна група за ДСГ чија основна задача е да ја следи имплементацијата на системот и да учествува во неговото усовршување и надградба во соработка со сите учесници вклучени во ДСГ имплементацијата.

Една од најзначајните предности на овој начин на евиденција, фактурирање и плаќање на болничките услуги всушност е можноста за споредување на болниците и увид во нивната работа.

Користејќи ги податоците од базата на груперот Работна група за ДСГ изготвува годишни извештаи за работењето на сите здравствени установи кои вршат фактурирање на услугите до Фондот по ДСГ класификацијата. До сега се публикувани годишни извештаи за 2009 и за 2010 година.

МЕТОДОЛОГИЈА И ДЕФИНИЦИИ

Основен концепт на ДСГ моделот

ДСГ е метод на класификација на акутните пациенти во групи кои имаат слична потрошувачка на ресурси и слични клинички особини.

Користејќи ја австралиската верзија AR-DRG 5.2 во 2008 год. се изработи апликативен софтвер, наречен Групер, со чија помош по внесување на определен број лични и медицински податоци за пациентот се одредува ДСГ услугата што ја направила болницата.

Македонскиот ДСГ модел содржи вкупно 666 групи.

Стандардни податоци што се бараат за определување на ДСГ шифрата и воедно претставуваат главни причини поради кои може да варира цената се:

- Главна дијагноза
- Значајни процедури што се извршуваат врз пациентот во текот на лекувањето
- Други дијагнози кои влијаат врз лекувањето
- Возраст на пациентот
- Тежина на новороденче при прием
- Дестинација по отпуштањето (дом, друга болница, итн.)

На секоја група (освен на оние кои се добиваат со грешно кодирање 960Z, 961Z и 963Z) зависно од сложеноста на случајот и интезитетот на услуги потребни за третирање на пациентот се доделува релативна тежина изразена со коефициент.

ФЗОМ врз основа на тежинските коефициенти ги определува референтните цени за секоја ДСГ услуга. Овие цени редовно се ажурираат и објавуваат на WEB страницата на ФЗОМ (www.fzo.org.mk).

Основна идеја на плаќање по ДСГ е плаќање по епизода при што епизода е период на лекување од прием до отпуст од болницата. Траењето на епизодата може да биде еден или повеќе денови при што целата здравствена услуга е вклучена во цената.

Промени и надграба на ДСГ моделот

- Болничките услуги кои се однесуваат на хемодијализа, хемотерапија и специфична медикаментозна терапија, се евидентираат како дневна болница и не се фактурираат по ДСГ;

- Ревидирани се референтните цени на 600 ДСГ кои важат од 01.01.2010 година, во текот на 2010 година сменети се 56 цени, додека во периодот јануари - јуни 2011 година корегирани се цените на уште 13 ДСГ услуги;
- ДСГ групата А06Z е поделена во две групи во јануари 2010:
  - А06А Трахеостомија со вентилација поголема од 95 часа,
  - А06В Трахеостомија без вентилација поголема од 95 часа;
- Извршена е надградба на Груперот во поглед на влез и излез на податоци и овозможено е генерирање на дополнителни прегледи за добиените податоци.

Клучни термини

АКУТНА БОЛНИЧКА ЗАШТИТА е збир на активности (испитувања, дијагностика, лекување) превземени кај хоспитализираниот пациент за време на траење на целата здравствена услуга во болницата. Во зависност од должината на престојот во болницата, акутната болничка заштита може да биде:

- *дневна болница,* односно еднодневна хоспитализација за преземање на интервентни дијагностички и терапевтски процедури која трае помалку од 24 часа. Медикаментозен третман не се кодира,
- *повеќедневна хоспитализација* која трае повеќе од 24 часа непрекинато, а подразбира ноќевање и искористен кревет.

СЛУЧАЈ или епизода на лекување е севкупната пружена здравствена заштита на хоспитализиран болен од прием до отпуштање, трансфер во друга болница или смрт на болниот. Траењето на епизодата може да биде еден или повеќе денови и сите трошоци настанати во тој период влегуваат во цената. Во текот на годината пациентот може да има една или повеќе епизоди на лекување.

ГЛАВНА ДИЈАГНОЗА е најважен елемент во кодирањето по ДСГ класификацијата. Дефинирана е како дијагноза поставена после сите анализи и претставува главна причина за приемот во здравствената установа.

СПОРЕДНА ДИЈАГНОЗА е состојба или проблем кој бил присутен уште во времето на приемот или се појавил во текот на самото лекување во болницата. Тоа е состојба која влијае врз лекувањето на пациентот и предизвикува потреба од дијагностичко испитување и/или засилена нега или следење.

ПРОЦЕДУРА е клиничка интервенција што исполнува еден или повеќе од следните критериуми:

- Хируршка е по природа
- Носи процедурален ризик
- Носи ризик од анестезија
- Бара специјализирана обука
- Бара посебни просторни капацитети или опрема единствено достапни во установите за пружање на акутна здравствена заштита.

ДЕНОВИ НА ПРЕСТОЈ се вкуниот број на денови на лежење за една епизода на лекување од приемот до исписот на пациентот.

ГЛАВНА ДИЈАГНОСТИЧКА КАТЕГОРИЈА (MDC) е дефинирана како категорија базирана на поединечен телесен систем односно етиологија и е поврзана со одредена медицинска специјалност.

МКБ-10 ПОГЛАВЈА каде болестите се организирани во *специјални групи* (епидемични болести, конституциски или општи болести, развојни заболувања и повреди) и поглавја за *телесни системи* (локални заболувања, организирани според местото).

ДСГ ТЕЖИНА е вкупна вредност на тежината за сите извршени ДСГ услуги. Се добива кога бројот на случаи се множи со тежината (коефициентот) на соодветната ДСГ група.

CMI (Case mix index) е главен индикатор за споредба на болниците. Тој укажува на просечната клиничка сложеност на пациентите кои лежат во болница во определен временски период и неговата просечна вредност е 1. На CMI значително влијае просечниот број на секундарните дијагнози и услуги по пациент.

СТАТИСТИЧКА АНАЛИЗА НА ДСГ ПОДАТОЦИТЕ

Од 1 јули 2008 започна електронското прибирање на податоци од сите јавни здраствени установи на терцијарно и секундарно ниво во Р.Македонија кои вршат:

- акутна болничка здравствена заштита,
- болничка заштита на здрави новороденчиња,
- психијатриска болничка заштита.

Фондот за здравствено осигурување ги превзема податоците директно од WEB апликацијата, со што е обезбедена централизирана база на податоци за сите акутни болни кои се евидентираат по ДСГ методологија.

Од 01.01.2009 година ФЗОМ започна со статистичка анализа на добиените резултати од здравствените установи што кодираат и изготвува

извештаи на квартално и годишно ниво со цел да се обезбедат целосни, објективни и споредливи податоци При тоа се прати динамиката на определените трендови и се овозможува споредба помеѓу болниците на национално ниво по меѓународни стандарди .

Овој извештај се однесува на првото шестомесечје во календарската 2011 година. Во него како и во извештаите за 2010 година не се опфатени ДСГ услугите како дневни болници за хемодијализа, хемотерапија и специфична медикаментозна терапија

Анализите се правени врз основа на новите тежински фактори од 2011 година.

Податоците од извештајот може да ни одговорат на следните прашања:

- Обем и вид на здравствени услуги во здравствените установи кои имаат склучено договор со Фондот,
- Најчести главни дијагнози по МКБ-10,
- Траење на просечното лекување за секоја ДСГ услуга,
- Вкупно остварени болнички денови ,
- Старосната структура на пациентите,
- Компарација помеѓу болниците,
- Компарација помеѓу 2009 и 2011 година.

Во анализата се опфатени вкупно 58 здравствени установи, класифицирани спрема видот и обемот на здравствени услуги што ги пружаат, од кои 54 се јавни здравствени установи (13 општи болници, 26 клиники, 3 клинички болници, 9 специјални болници, 3 психијатриски болници) и 4 приватни здравствени установи[1]:

[1] Приватните здравствени установи за кардиоваскуларна хирургија кодираат почнувајќи од јуни 2010, додека приватните здравствени установи за очната хирургија започнаа да кодираат во април 2011 година. Приватните здравствени установи кои се вклучени во ДСГ системот ги евидентираат само здравствените услуги од областа интервентна кардиологија и кардиоваскуларна и очна хирургија.

Општи болници:

1. ОПШТА БОЛНИЦА ВЕЛЕС
2. ОПШТА БОЛНИЦА ГЕВГЕЛИЈА
3. ОПШТА БОЛНИЦА ГОСТИВАР
4. ОПШТА БОЛНИЦА ДЕБАР
5. ОПШТА БОЛНИЦА КАВАДАРЦИ
6. ОПШТА БОЛНИЦА КИЧЕВО
7. ОПШТА БОЛНИЦА КОЧАНИ
8. ОПШТА БОЛНИЦА КУМАНОВО
9. ОПШТА БОЛНИЦА ОХРИД
10. ОПШТА БОЛНИЦА ПРИЛЕП
11. ОПШТА БОЛНИЦА СТРУГА
12. ОПШТА БОЛНИЦА СТРУМИЦА
13. ГРАДСКА ОПШТА БОЛНИЦА 8-МИ СЕПТЕМВРИ - СКОПЈЕ

Клинички болници

1. КЛИНИЧКА БОЛНИЦА ШТИП
2. КЛИНИЧКА БОЛНИЦА ТЕТОВО
3. КЛИНИЧКА БОЛНИЦА БИТОЛА

Клиники:

1. КЛИНИКА ЗА ГАСТРОЕНТЕРОХЕПАТОЛОГИЈА СКОПЈЕ
2. КЛИНИКА ЗА МАКСИЛОФАЦИЈАЛНА ХИРУРГИЈА
3. КЛИНИКА ЗА ГИНЕКОЛОГИЈА И АКУШЕРСТВО СКОПЈЕ
4. КЛИНИКА ЗА ДЕРМАТОЛОГИЈА СКОПЈЕ
5. КЛИНИКА ЗА ДЕТСКА ХИРУРГИЈА СКОПЈЕ
6. КЛИНИКА ЗА ДЕТСКИ БОЛЕСТИ СКОПЈЕ
7. КЛИНИКА ЗА ДИГЕСТИВНА ХИРУРГИЈА СКОПЈЕ
8. КЛИНИКА ЗА ЕНДОКРИНОЛОГИЈА СКОПЈЕ
9. КЛИНИКА ЗА ИФЕКТИВНИ БОЛЕСТИ СКОПЈЕ
10. КЛИНИКА ЗА КАРДИОЛОГИЈА
11. КЛИНИКА ЗА НЕВРОЛОГИЈА СКОПЈЕ
12. КЛИНИКА ЗА НЕВРОХИРУРГИЈА СКОПЈЕ
13. КЛИНИКА ЗА НЕФРОЛОГИЈА
14. КЛИНИКА ЗА ОЧНИ БОЛЕСТИ СКОПЈЕ
15. КЛИНИКА ЗА ПЛАСТИЧНА И РЕКОНСТРУКТИВНА ХИРУРГИЈА
16. КЛИНИКА ЗА ПСИХИЈАТРИЈА СКОПЈЕ
17. КЛИНИКА ЗА ПУЛМОЛОГИЈА И АЛЕРГОЛОГИЈА
18. КЛИНИКА ЗА РЕВМАТОЛОГИЈА СКОПЈЕ
19. КЛИНИКА ЗА ТОКСИКОЛОГИЈА СКОПЈЕ
20. КЛИНИКА ЗА ТОРАКАЛНА И ВАСКУЛАРНА ХИРУРГИЈА
21. КЛИНИКА ЗА УРОЛОГИЈА
22. КЛИНИКА ЗА ХЕМАТОЛОГИЈА СКОПЈЕ
23. КЛИНИКА ЗА УВО, НОС И ГРЛО СКОПЈЕ
24. ЈЗУ УК ЗА ТРАУМАТОЛОГИЈА, ОРТОПЕДСКИ БОЛЕСТИ, АНАЕСТЕЗИЈА РЕАНИМАЦИЈА, ИНТЕНЗИВНО ЛЕКУВАЊЕ И УРГЕНТЕН ЦЕНТАР СКОПЈЕ
25. СПЕЦИЈАЛНА БОЛНИЦА ПО ХИРУРШКИ БОЛЕСТИ СВ. НАУМ ОХРИДСКИ
26. ИНСТИТУТ ЗА РАДИОТЕРАПИЈА И ОНКОЛОГИЈА

Специјални болници:

1. ЗАВОД ЗА НЕФРОЛОГИЈА СТРУГА
2. ЗАВОД ЗА ПРЕВЕНЦИЈА, ЛЕК И РЕХАБИЛИТАЦИЈА НА КАРДИО. ЗАБОЛУВАЊА ОХРИД
3. ИНСТИТУТ ЗА БЕЛОДРОБНИ ЗАБОЛУВАЊА И ТУБЕРКУЛОЗА
4. ЈИНСТИТУТИ ЗА БЕЛОДРОБНИ ЗАБОЛУВАЊА КАЈ ДЕЦАТА КОЗЛЕ
5. СПЕЦИЈАЛНА БОЛНИЦА ЗА БЕЛОДРОБНИ ЗАБОЛУВАЊА И ТУБЕРКУЛОЗА ЈАСЕНОВО
6. СПЕЦИЈАЛНА БОЛНИЦА ЗА ОРТОПЕДИЈА И ТРАУМАТОЛОГИЈА СВ. ЕРАЗМО ОХРИД
7. СПЕЦИЈАЛНА БОЛНИЦА ЛЕШОК
8. СПЕЦИЈАЛНА БОЛНИЦА ПО ГИНЕКОЛОГИЈА И АКУШЕРСТВО ЧАИР
9. ЈЗУ ЈЗУ ЗАВОД ЗА РЕХАБИЛИТАЦИЈА ОТЕШЕВО

Психијатриски болници

1. ПСИХИЈАТРИСКА БОЛНИЦА НЕГОРЦИ ГЕВГЕЛИЈА
2. ПСИХИЈАТРИСКА БОЛНИЦА ДЕМИР ХИСАР
3. ПСИХИЈАТРИСКА БОЛНИЦА СКОПЈЕ

Приватни болници

1. ПЗУ КЛИНИЧКА БОЛНИЦА СИСТИНА
2. ПЗУ СПЕЦИЈАЛНА БОЛНИЦА ПО ХИРУРШКИ БОЛЕСТИ ФИЛИП II
3. ПЗУ ПОЛИКЛИНИКА ОД СПЕЦИЈАЛИСТИЧКО-КОНСУЛТАТИВНА ЗДРАВСТВЕНА ДЕЈНОСТ СИСТИНА ОФТАЛМОЛОГИЈА
4. ПЗУ СПЕЦИЈАЛНА ОЧНА БОЛНИЦА ЕУРОПЕАН ЕЈЕ ХОСПИТАЛ

Во шестомесечниот извештај има вкупно 26 клиники. Две клиники кои кодираа посебно по ДСГ до 1 септември 2010 година, Клиника за трауматологија и Клиника за ортопедија, се споија во едно правно лице заедно со уште две клиники кои не кодираа по ДСГ во единствена установа: ЈЗУ Универзитетска клиника за трауматологија, ортопедски болести, анаестезија и реанимација, интензивно лекување и ургентен центар Скопје.

Дополнително во извештаите во 2011 година две здравствени установи: Клиничката болница за хирушки биолести СВ Наум Охридски и Клиниката за радиотерапија и онкологија (порано Институт за радиотерапија и онкологија), се префрлени од делот на специјални болници во делот кај универзитетските клиники.

ВКУПЕН БРОЈ НА ЕВИДЕНТИРАНИ ДСГ УСЛУГИ

Во периодот јануари – јуни 2011 година евидентирани се вкупно 104.289 случаи од кои најголем број се во клиниките и општите болници односно:

- 35,68% од вкупно кодирани ДСГ случаи им припаѓаат на клиниките (33,03% во 2010)
- 19,28% на клиничките болници (20,41 % во 2010)
- 8,32% на специјалните болници (12,72% во 2010)
- 35,67% на општите болници (33,85% во 2010)
- 0,02% на психијатриските болници и
- 1,04% на приватните болници

Редистрибуцијата на пациентите е резултат на префрлањето на Клиничката болница за хирушки болести Свети Наум Охридски и Клиниката за радиотерапија и онкологија (порано Институт за радиотерапија и онкологија), во делот кај универзитетските клиники, при што доаѓа до намалување од 4% на бројот на пациенти во специјалните болници. Но забележливо е дека не доаѓа до следствено 4% зголемување на бројот на пациенти во Клиниките, туку само 2,5%. Причината е што има редистрибуција на пациентите од клиниките и клиничките болници во општите болници, каде има зголемување на бројот на пациенти од скоро 2%. Бројот на вкупно евидентирани случаи во 2011 (104.289) година е за 0,99% помал од 2010 година (105.329)

Здравствени установи со најголем број на ДСГ услуги се:

- Клиничка болница Тетово - 8.266 (8.670 во 2010)
- Клиника за Гинекологија и Акушерство Скопје - 7.841 (7.895 во 2010)
- Клиничка болница Битола - 6.122 (7.597 во 2010)
- Клиничка болница Штип - 5.726 (5.223 во 2010)
- Општа болница Струмица - 4.640 (4.344 во 2010).

Највисока концентрација на акутни болни е во регионот на градот Скопје каде се евидентирани 47.529 или 46% од вкупниот број на ДСГ случаи во Македонија.

Доколку се исклучат клиниките, освен Специјална болница за гинекологија и акушерство Чаир и Универзитетска хируршка болница Свети Наум Охридски, бројот на случаи во градот Скопје изнесува 13.757, односно 13% од вкупниот број на ДСГ случаи.

НАЈЧЕСТИ ДСГ УСЛУГИ

Наредните здравствени услуги се најзастапени по бројот на случаи и сочинуваат 22% од вкупниот број на услуги:

- P67D *Новороденче, тежина при прием >2499 g без сигнификантни процедури во операциона сала без проблем* 6,08% во 2011 (6,4% во 2010)
- O60C *Вагинално породување, единечно, некомплицирано без други состојби* 4,76% во 2011 (4,89 % во 2010)
- E62C *Респираторни инфекции/воспаленија без компликации* 4,63% во 2011 (4,42% во 2010)
- P67C *Новороденче, тежина при прием >2499 g без сигнификантни процедури во операциона сала со друг проблем* 2,59% во 2011 (2,61% во 2010)
- O01C *Породување со царски рез без катастрофални или тешки компликации* 2,31% во 2011 (2,24% во 2010)
- O66A *Преднатален и друг акушерски прием* 2,05% во 2011 (2,12% во 2010).

Од анализата на податоците забележливо е дека:

- На 4-то место по учестаност се наоѓа ДСГ групата P67C *Новороденче, тежина при прием >2499 g без сигнификантни процедури во операциона сала со друг проблем,* односно од вкупниот број на новороденчиња со тежина над 2500 грама, 29% имаат некаков проблем . Учеството е исто како во 2010 година и иако е помалку од истиот период во 2009 година кога изнесуваше 37%, се уште претставува висок процент на новороденчиња кои имаат некој проблем.

- Од вкупниот број на вагинални породувања 26% се пропратени со некој проблем (причината може да биде грешка при кодирањето или медицински проблем во ЈЗУ), што ист тренд како и во 2010 односно намалување за само 1% во однос на 2009 година.

- Споредбата помеѓу вагинално и породување со царски рез покажува дека учеството на вагиналните породувања е околу 72% што е за 2% помалку во однос на 2010 година, односно породувањата со царски рез се зголемени на околу 28% од 26% во 2010 година.

ГЛАВНИ ДИЈАГНОСТИЧКИ КАТЕГОРИИ

Над 56% од сите ДСГ услуги се однесуваат на една од следните главни дијагностички категориии (Major Diagnostic Category - MDC):

- *Болести и пореметувања на респираторниот систем* 13,35% во 2011 (12,37% во 2010)
- *Бременост, породување и пуерпериум* 13,30% во 2011 (13,80% во 2010)
- *Болести и пореметувања на циркулаторен систем* 10,28% во 2011 (10,29% во 2010)
- *Новороденчиња* 9,86% во 2011 (10,32% во 2010)
- *Болести и пореметувања на дигестивниот систем* 9,54% во 2011 (10,55% во 2010)

ГРЕШНИ КОДОВИ

Грешни (Error) кодови на вкупно ниво за првото шестмесечје во сите болници се евидентирани кај 12 случаи и споредено со 2010 година кога имало 25 грешни кодови има намалување на истите.

ВИД НА НЕГА

Со ДСГ може да се опише исто така кој вид на нега е пружена во здравствените установи и во зависност од тоа евидентирано е следното учество по видот на ДСГ услугите:

- хируршки 31 % во 2011 (29,2% во 2010)
- медицински (интернистички) 67 % во 2011 (66,5% во 2010)
- други (вклучува ендоскопии) 2% во 2011 (4,4% во 2010)

Намалувањето на уделот на другите процедури за околу 2% се должи на поголема ангажираност на медицинскиот персонал во ЈЗУ при внесувањето на процедурите по АКЗИ во груперот.

ДИЈАГНОЗИ

Број на додатни дијагнози и процедури по случај

Од добиените податоци се гледа дека се евидентираат просечно 0,9 додатни дијагнози по случај и 8,56 процедури по случај.

Најзастапени главни дијагнози по МКБ-10 класификацијата се:

- O80.0 Единечно спонтано породување (4,83%)
- Z38.0 Новороденче родено во болница (4,77%)
- J18.0 Бронхопневмонија, неозначена (2,45%)
- J18.9 Пневмонија, неозначена (2,42%)

- J20.9 Акутен бронхитис, незначено (1,86%)
- I20.9 Ангина пекторис, неозначено (1,69%)

Околу 72% од сите случаи имаат главна дијагноза во едно од следните поглавја по МКБ-10 класификација:

- Болести на респираторниот систем (16,04%)
- Бременост, породување и пуерпериум (12,68%)
- Болести на циркулаторниот систем (12,36%)
- Болести на дигестивниот систем (9,52%)
- Болести на генитоуринарниот систем (8,26%)
- Неоплазми (7,05%)
- Фактори кои влијаат на здравствен статус и контакт со здравствени услуги (6,81%)

ДЕНОВИ НА ПРЕСТОЈ

Вкупно остварени болнички денови на престој во сите 58 здравствени установи изнесува 615.084 дена во кои:

- 36,99 % на клиниките
- 34,38 % им припаѓаат на општите болници
- 18,28% на клинички болници
- 8,94% на специјалните болници
- 1,36% на приватните болници
- 0,05% на психијатриски болници

Просечен престој на пациентите во болниците (ALOS) на национално ниво изнесува 5,9 денови што е ист просек со 2010.

Према видот на здравствената установа просечниот престој изнесува:

- 6,11 во клиниките
- 5,59 во клиничките болници
- 5,69 во општите болници
- 6,34 во специјалните болници
- 15,43 во психијатриските болници
- 7,67 во приватните болници

Клиники:

со најдолг просечен престој:

- Клиника за психијатрија Скопје - 25,9 дена
- Клиника за дерматовенерологија Скопје - 14,2 дена
- Клиника за хематологија Скопје – 13,9 дена
- Институт за радиотерапија и онкологија - 12,5 дена

со најкраток просечен престој:

- Клиника за пластична и реконструктивна хирургија - 2,0 дена
- Клиника за очни болести Скопје - 2,5 дена
- Клиника за уво, нос и грло Скопје – 2,9 дена
- Клиника за кардиологија Скопје – 3,6 дена

Клинички и општи болници:

со најдолг просечен престој:

- Градска општа болница 8 Септември – 8,5 дена
- Општа болница Охрид – 7,6 дена
- Општа болница Велес – 6,3 дена

со најкраток просечен престој:

- Општа болница Струга – 3,9 дена
- Клиничка болница Тетово – 4,2 дена
- Општа болница Кичево – 4,4 дена

Специјални болници:

со најдолг просечен престој:

- Специјална болница за ортопедија и трауматологија Свети Еразмо Охрид - 12 дена

со најкраток просечен престој:

- Завод за превенција, лекување и рехабилитација на крдиолошки заболувања Охрид - 2,8 дена

Еднодневните пациенти односно оние кои доаѓаат и заминуваат истиот ден се со мал процент и нивниот број изнесува 5.241 односно 5,03% од сите случаи.

ДЕМОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

Пол

Од сите регистрирани услуги по ДСГ методологијата **42.090** се пружени на машката и **62.199** на женската популација. Значи значително поголема застапеност на пружени здравствени услуги е кај жените (59,64) отколку кај мажите (40,36%). На оваа голема разлика помеѓу пружени ДСГ услуги кај машката и женската популација влијае и уделот на пружените акушерски услуги кај жените.

Возраст

Просечна возраст на сите евидентирани пациенти на национално ниво е 41,5 година, односно:

- 40,0 во клиники
- 37,6 во клинички болници
- 36,6 во општи болници
- 31,5 во специјални болници
- 42,0 во психијатриски болници
- 61,3 во приватни болници

Анализата према старосни групи го покажа процентуалното учество на пациенти во секоја група во однос на вкупнот број на случаи:

- 00-01 години - 14%
- 01-14 години - 11 %
- 15-44 години - 30%
- 45-64 години - 24 %
- 65-84 години - 20 %
- над 85 години - 1 %

КОМПЛЕКСНОСТА НА СЛУЧАИТЕ ИЛИ CASE MIX INDEX

Комплексноста е главен показател за сложеноста на пациентите и потрошувачка на болничките ресурси и истата на национално ниво изнесува 1,07 (односно 1,09 со терцијар/трансфер, терцијарот е воведен од април 2011 година како дополнително вреднување на услугите во клиниките) што е мало зголемување во однос првото шестмесечје во 2010 година кога изнесувал 0,91.

Вредноста на овој индекс на сложеност на услугите искажана е по типот на здравствени установи и истата изнесува:

- 1,20 во клиниките (1,26 со терцијар)
- 0,77 во клинички болници (0,76 со трансфери)
- 0,99 во специјалните болници (0,99, односно исто со трансфери)
- 0,75 во општите болници (0,75, односно исто со трансфери)

I дел: ПОДАТОЦИ ЗА ПЕРИОД ЈАНУАРИ – ЈУНИ 2011

Преглед по здравствени установи

ЗДРАВСТВЕНА УСТАНОВА	Број на случаи	% бројот на случаи	Просечен престој	Просечнна старост на пациентот	ДСГ тежина (без терцијар/ трансфер)	Case mix index (без терцијар/ трансфер)	Вредност на тежина На терцијар / тежина трансфер	ДСГ тежина со терцијар/ трансфер	% ДСГ тежина со терцијар/ трансфер	Case mix index со терцијар/ трансфер	Разлика во Case mix со и без терцијар/ трансфер -
КЛИНИКА ЗА ГИНЕКОЛОГИЈА И АКУШЕРСТВО СКОПЈЕ	7.841	21,07	4,62	24,87	6.222,67	0,79	319,34	6.542,01	13,98	0,83	0,04
КЛИНИКА ЗА ТОРАКАЛНА И ВАСКУЛАРНА ХИРУРГИЈА	884	2,38	8,82	51,50	1.537,65	1,74	76,36	1.614,01	3,45	1,83	0,09
КЛИНИКА ЗА ОЧНИ БОЛЕСТИ СКОПЈЕ	1.374	3,69	2,54	59,06	1.295,55	0,94	71,35	1.366,90	2,92	0,99	0,05
ЈЗО КЛИНИКА ЗА МАКСИЛОФАЦИЈАЛНА ХИРУРГИЈА	389	1,05	5,54	42,89	388,23	1,00	19,76	407,99	0,87	1,05	0,05
КЛИНИКА ЗА УРОЛОГИЈА	905	2,43	5,56	56,27	1.288,56	1,42	53,74	1.342,30	2,87	1,48	0,06
КЛИНИКА ЗА НЕВРОЛОГИЈА СКОПЈЕ	1.124	3,02	11,40	54,60	1.375,07	1,22	69,33	1.444,40	3,09	1,29	0,06
КЛИНИКА ЗА ДЕТСКИ БОЛЕСТИ СКОПЈЕ	3.203	8,61	6,91	3,45	2.830,72	0,88	135,91	2.966,63	6,34	0,93	0,04
КЛИНИКА ЗА ПЛАСТИЧНА И РЕКОНСТРУКТИВНА ХИРУРГИЈА	1.810	4,86	2,02	46,88	1.121,13	0,62	57,33	1.178,46	2,52	0,65	0,03
КЛИНИКА ЗА ДИГЕСТИВНА ХИРУРГИЈА СКОПЈЕ	1.054	2,83	7,01	52,44	2.586,28	2,45	123,27	2.709,54	5,79	2,57	0,12
ЈЗУ СПЕЦИЈАЛНА БОЛНИЦА ПО ХИРУРШКИ БОЛЕСТИ СВ. НАУМ ОХРИДСКИ	2.950	7,93	4,94	44,12	3.456,09	1,17	177,39	3.633,48	7,76	1,23	0,06
КЛИНИКА ЗА УВО, НОС И ГРЛО СКОПЈЕ	1.437	3,86	2,97	33,55	1.075,11	0,75	59,64	1.134,75	2,42	0,79	0,04
КЛИНИКА ЗА ИФЕКТИВНИ БОЛЕСТИ СКОПЈЕ	1.723	4,63	9,07	28,12	1.801,58	1,05	78,65	1.880,23	4,02	1,09	0,05
КЛИНИКА ЗА ПУЛМОЛОГИЈА И АЛЕРГОЛОГИЈА	834	2,24	8,41	58,95	941,55	1,13	48,33	989,88	2,12	1,19	0,06
КЛИНИКА ЗА НЕФРОЛОГИЈА	1.065	2,86	5,36	59,58	1.277,16	1,20	61,26	1.338,42	2,86	1,26	0,06
КЛИНИКА ЗА ГАСТРОЕНТЕРОХЕПАТОЛОГИЈА СКОПЈЕ	890	2,39	5,98	58,26	1.093,46	1,23	54,89	1.148,35	2,45	1,29	0,06
КЛИНИКА ЗА РЕВМАТОЛОГИЈА СКОПЈЕ	388	1,04	8,64	52,44	310,03	0,80	16,89	326,92	0,70	0,84	0,04
КЛИНИКА ЗА ПСИХИЈАТРИЈА СКОПЈЕ	283	0,76	25,96	38,51	320,08	1,13	17,38	337,47	0,72	1,19	0,06
КЛИНИКА ЗА ТОКСИКОЛОГИЈА СКОПЈЕ	416	1,12	6,41	45,05	286,53	0,69	13,41	299,94	0,64	0,72	0,03
КЛИНИКА ЗА ДЕТСКА ХИРУРГИЈА СКОПЈЕ	739	1,99	6,45	5,13	911,06	1,23	57,38	968,44	2,07	1,31	0,08
КЛИНИКА ЗА НЕВРОХИРУРГИЈА СКОПЈЕ	599	1,61	9,45	45,89	1.865,92	3,12	90,02	1.955,94	4,18	3,27	0,15
КЛИНИКА ЗА ЕНДОКРИНОЛОГИЈА СКОПЈЕ	412	1,11	4,88	54,35	301,74	0,73	15,99	317,72	0,68	0,77	0,04
ИНСТИТУТ ЗА РАДИОТЕРАПИЈА И ОНКОЛОГИЈА	1.072	2,88	12,55	56,12	1.109,71	1,04	57,67	1.167,38	2,49	1,09	0,05
КЛИНИКА ЗА ХЕМАТОЛОГИЈА СКОПЈЕ	435	1,17	13,99	53,74	1.370,71	3,15	74,62	1.445,33	3,09	3,32	0,17
КЛИНИКА ЗА ДЕРМАТОЛОГИЈА СКОПЈЕ	149	0,40	14,23	49,52	99,03	0,66	5,30	104,33	0,22	0,70	0,04
КЛИНИКА ЗА КАРДИОЛОГИЈА	3.295	8,86	3,58	61,33	6.008,58	1,82	302,30	6.310,88	13,48	1,92	0,09
КЛИНИКА ЗА ТРАУМАТОЛОГИЈА,О БОЛЕСТИ,АНЕСТЕЗИЈА,РЕАНИМАЦИЈА И И.ЛЕКУВАЊЕ УЦ-СКОПЈ	1.936	5,20	7,78	50,69	3.669,30	1,90	200,26	3.869,56	8,27	2,00	0,10
КЛИНИКИ	**37.207**	**100,00**	**6,11**	**39,99**	**44.543,51**	**1,20**	**2.257,74**	**46.801,26**	**100,00**	**1,26**	**0,06**
ЈЗУ ОПШТА БОЛНИЦА ШТИП	5.726	28,48	6,54	40,74	4.681,33	0,82	-3,83	4.677,51	30,43	0,82	0,00
ЈЗУ ОПШТА БОЛНИЦА ТЕТОВО	8.266	41,12	4,27	30,24	5.341,63	0,65	-2,21	5.339,41	34,74	0,65	0,00
ЈЗУ КЛИНИЧКА БОЛНИЦА БИТОЛА	6.112	30,40	6,50	44,68	5.364,42	0,88	-12,42	5.352,00	34,82	0,88	0,00
КЛИНИЧКИ БОЛНИЦИ	**20.104**	**100,00**	**5,59**	**37,62**	**15.387,38**	**0,77**	**-18,46**	**15.368,92**	**100,00**	**0,76**	**0,00**
ЈЗУ ОПШТА БОЛНИЦА КИЧЕВО	1.381	3,71	4,41	33,16	853,85	0,62	-2,08	851,78	3,06	0,62	0,00
ЈЗУ ОПШТА БОЛНИЦА ДЕБАР	1.052	2,83	4,88	29,10	562,22	0,53	-0,67	561,55	2,01	0,53	0,00
ЈЗУ ОПШТА БОЛНИЦА КОЧАНИ	2.283	6,14	5,51	40,34	1.481,68	0,65	-5,70	1.475,98	5,30	0,65	0,00
ЈЗУ ОПШТА БОЛНИЦА ПРИЛЕП	3.913	10,52	5,89	38,57	3.434,88	0,88	-3,82	3.431,06	12,31	0,88	0,00

ЗДРАВСТВЕНА УСТАНОВА	Број на случаи	% бројот на случаи	Просечен престој	Просечнна старост на пациентот	ДСГ тежина (без терцијар/ трансфер)	Case mix index (без терцијар/ трансфер)	Вредност на тежина На терцијар / тежина трансфер	ДСГ тежина со терцијар/ трансфер	% ДСГ тежина со терцијар/ трансфер	Case mix index со терцијар/ трансфер	Разлика во Case mix со и без терцијар/ трансфер -
ЈЗУ ОПШТА БОЛНИЦА КАВАДАРЦИ	2.375	6,38	4,79	38,14	1.444,95	0,61	-1,93	1.443,03	5,18	0,61	0,00
ЈЗУ ОПШТА БОЛНИЦА СТРУМИЦА	4.640	12,47	5,68	31,56	3.242,43	0,70	-7,73	3.234,70	11,61	0,70	0,00
ЈЗУ ОПШТА БОЛНИЦА ОХРИД	1.038	2,79	7,59	51,88	891,40	0,86	-0,64	890,77	3,20	0,86	0,00
ЈЗУ ОПШТА БОЛНИЦА ГЕВГЕЛИЈА	1.295	3,48	4,84	40,96	971,26	0,75	-2,30	968,96	3,48	0,75	0,00
ЈЗО ОПШТА БОЛНИЦА ВЕЛЕС	3.505	9,42	6,29	35,07	2.457,15	0,70	-1,94	2.455,20	8,81	0,70	0,00
ЈЗУ ОПШТА БОЛНИЦА ГОСТИВАР	3.694	9,93	4,71	33,66	2.368,79	0,64	-2,15	2.366,64	8,49	0,64	0,00
ЈЗУ ОПШТА БОЛНИЦА КУМАНОВО	4.317	11,61	5,72	26,83	2.876,06	0,67	-3,96	2.872,09	10,31	0,67	0,00
ЈЗУ ОПШТА БОЛНИЦА СТРУГА	3.692	9,93	3,95	28,20	2.530,56	0,69	-3,57	2.526,99	9,07	0,68	0,00
ГРАДСКА ОПШТА БОЛНИЦА 8-МИ СЕПТЕМВРИ СКОПЈЕ	4.012	10,79	8,49	57,48	4.792,07	1,19	-0,22	4.791,85	17,19	1,19	0,00
ОПШТИ БОЛНИЦИ	**37.197**	**100,00**	**5,69**	**36,59**	**27.907,31**	**0,75**	**-36,71**	**27.870,60**	**100,00**	**0,75**	**0,00**
ЈЗУ СПЕЦИЈАЛНА БОЛНИЦА ПО ГИНЕКОЛОГИЈА И АКУШЕРСТВО ЧАИР	3.564	41,09	3,88	19,13	2.322,00	0,65	-1,68	2.320,32	27,16	0,65	0,00
ЈЗУ ИНСТИТУТ ЗА БЕЛОДРОБНИ ЗАБОЛУВАЊА И ТУБЕРКУЛОЗА	485	5,59	9,40	61,69	545,83	1,13	0,00	545,83	6,39	1,13	0,00
ЈЗУ СПЕЦИЈАЛНА БОЛНИЦА ЗА ОРТОПЕДИЈА И ТРАУМАТОЛОГИЈА СВ. ЕРАЗМО ОХРИД	902	10,40	12,00	48,83	1.840,48	2,04	-0,08	1.840,39	21,54	2,04	0,00
ЈЗУ ИНСТИТУТИ ЗА БЕЛОДРОБНИ ЗАБОЛУВАЊА КАЈ ДЕЦАТА КОЗЛЕ	1.657	19,11	7,12	2,61	1.119,60	0,68	0,00	1.119,60	13,10	0,68	0,00
ЗАВОД ЗА НЕФРОЛОГИЈА СТРУГА	269	3,10	5,92	56,55	265,80	0,99	-0,48	265,32	3,11	0,99	0,00
ЈЗУ СПЕЦИЈАЛНА БОЛНИЦА ЗА БЕЛОДРОБНИ ЗАБОЛУВАЊА И ТУБЕРКУЛОЗА ЈАСЕНОВО	502	5,79	9,49	63,25	451,05	0,90	-0,20	450,85	5,28	0,90	0,00
ЈЗУ СПЕЦИЈАЛНА БОЛНИЦА ЛЕШОК	407	4,69	10,82	63,78	459,24	1,13	0,00	459,24	5,38	1,13	0,00
ЗАВОД ЗА ПРЕВЕНЦИЈА, ЛЕК И РЕХАБИЛИТАЦИЈА НА КАРДИО. ЗАБОЛУВАЊА ОХРИД	752	8,67	2,80	60,96	1.439,70	1,91	-0,31	1.439,39	16,85	1,91	0,00
ЗАВОД ЗА РЕХАБИЛИТАЦИЈА ОТЕШЕВО	135	1,56	8,31	60,33	102,40	0,76	0,00	102,40	1,20	0,76	0,00
СПЕЦИЈАЛНИ БОЛНИЦИ	**8.673**	**100,00**	**6,34**	**31,52**	**8.546,10**	**0,99**	**-2,75**	**8.543,34**	**100,00**	**0,99**	**0,00**
ПСИХИЈАТРИСКА БОЛНИЦА НЕГОРЦИ ГЕВГЕЛИЈА	18	85,71	15,44	43,50	19,42	1,08	0,00	19,42	83,96	1,08	0,00
ПСИХИЈАТРИСКА БОЛНИЦА ДЕМИР ХИСАР	1	4,76	23,00	33,00	1,62	1,62	0,00	1,62	6,99	1,62	0,00
ПСИХИЈАТРИСКА БОЛНИЦА СКОПЈЕ	2	9,52	11,50	32,50	2,09	1,05	0,00	2,09	9,06	1,05	0,00
ПСИХИЈАТРИСКИ БОЛНИЦИ	**21**	**100,00**	**15,43**	**41,95**	**23,13**	**1,10**	**0,00**	**23,13**	**100,00**	**1,10**	**0,00**
КАРДИОХИРУРГИЈА ФИЛИП ВТОРИ	625	57,50	8,25	60,37	8.987,69	14,38	0,00	8.987,69	59,64	14,38	0,00
ПЗУ СИСТИНА - КЛИНИЧКА БОЛНИЦА	392	36,06	8,01	61,86	5.986,49	15,27	0,00	5.986,49	39,72	15,27	0,00
ПЗУ СИСТИНА ОФТАМОЛОГИЈА	33	3,04	0,00	68,67	44,89	1,36	0,00	44,89	0,30	1,36	0,00
ПЗУ ОЧНА БОЛНИЦА ЕВРОПА	37	3,40	1,32	63,65	51,44	1,39	0,00	51,44	0,34	1,39	0,00
ПРИВАТНИ ЗДРАВСТВЕНИ УСТАНОВИ	**1.087**	**100,00**	**7,67**	**61,27**	**15.070,51**	**13,86**	**0,00**	**15.070,51**	**100,00**	**13,86**	**0,00**
СЕВКУПНО	**104.289**		**5,90**	**37,84**	**111.477,94**	**1,07**	**2.199,82**	**113.677,77**	**100,00**	**1,09**	**0,02**

По тип на здравствена установа

ЗДРАВСТВЕНА УСТАНОВА	Број на случаи	% бројот на случаи	Просечен престој	Просечнна старост на пациентот	ДСГ тежина (без терцијар/ трансфер)	Case mix index (без терцијар/ трансфер)	Тежина терцијар / трансфер	ДСГ тежина со терцијар/ трансфер	% ДСГ тежина	Case mix index со терцијар/ трансфер	Разлика во Case mix со и без терцијар/ трансфер
КЛИНИКИ	37.207	35,68	6,11	39,99	44.543,51	1,20	2.257,74	46.801,26	41,17	1,26	0,06
КЛИНИЧКИ БОЛНИЦИ	20.104	19,28	5,59	37,62	15.387,38	0,77	-18,46	15.368,92	13,52	0,76	0,00
ОПШТИ БОЛНИЦИ	37.197	35,67	5,69	36,59	27.907,31	0,75	-36,71	27.870,60	24,52	0,75	0,00
СПЕЦИЈАЛНИ БОЛНИЦИ	8.673	8,32	6,34	31,52	8.546,10	0,99	-2,75	8.543,34	7,52	0,99	0,00
ПСИХИЈАТРИСКИ БОЛНИЦИ	21	0,02	15,43	41,95	23,13	1,10	0,00	23,13	0,02	1,10	0,00
ПРИВАТНИ КЛИНИЧКИ БОЛНИЦИ	1.087	1,04	7,67	61,27	15.070,51	13,86	0,00	15.070,51	13,26	13,86	0,00
СЕВКУПНО	**104.289**	**100,00**	**5,90**	**37,84**	**111.477,94**	**1,07**	**2.199,82**	**113.677,77**	**100,00**	**1,09**	**0,02**

Појаснување за терцијар/трансфер:

Во колоната за тежина терцијар/ трансфер претставена е вредноста на терцијарот односно вредноста на зголемување на ДСГ услугите на клиниките, односно вредноста на трансферот или намалување на вредноста на ДСГ услугите во клиничките, општите и специјални болници добиена во анализираниот период.

Од табелата може да се согледа ефектот на **терцијарот** во клиниките во вид на зголемување на тежинскиот коефициент за **2.257,74** поени или за **51.363.635,00** денари. Од друга страна ефектот на трансферот изразен е како намалување на тежинскиот коефициент за вкупно **-57,92** поени за сите болници или за **1.317.626,00** денари.

Вкупниот ефект од воведувањето на овие две категории во вреднувањето на ДСГ услугите е дополнителни **2.199,82** поени или **50.046.006,00** денари

ДСГ групи кои претставуваат 80% од индексот на тежина

ДСГ група	ДСГ група	ДСГ тежина	% ДСГ тежина	број на случаи	% број на случаи	денови на престој	% денови на престој	Просечен престој	Просечна старост на пациентот
P67D	Новороденче, тежина при прием >2499 g без сигнификантни процедури во операциона сала без проблем	1.480,17	1,33	6.338	6,08	6,08	18.963	3,08	2,99
O60C	Вагинално породување, единечно, некомплицирано без други состојби	2.902,96	2,60	4.960	4,76	4,76	16.110	2,62	3,25
E62C	Респираторни инфекции/воспаленија без компликации	3.221,13	2,89	4.830	4,63	4,63	35.847	5,83	7,42
P67C	Новороденче, тежина при прием >2499 g без сигнификантни процедури во операциона сала со друг проблем	1.476,14	1,32	2.703	2,59	2,59	13.031	2,12	4,82
O01C	Породување со царски рез без катастрофални или тешки компликации	3.650,80	3,27	2.404	2,31	2,31	14.345	2,33	5,97
O66A	Преднатален и друг акушерски прием	793,07	0,71	2.140	2,05	2,05	7.039	1,14	3,29
D63B	Отитис медија и УРИ без компликации	707,32	0,63	1.993	1,91	1,91	9.439	1,53	4,74
G09Z	процедури за ингвинална и феморална херниja, возраст>0	1.853,35	1,66	1.895	1,82	1,82	8.883	1,44	4,69
O60B	Вагинално породување без катастрофални или тешки компликации	1.297,09	1,16	1.707	1,64	1,64	7.589	1,23	4,45
E69C	Бронхитис и астма, возраст <50 без компликации	783,40	0,70	1.670	1,60	1,60	9.480	1,54	5,68
C16A	Процедури на леќата	2.288,28	2,05	1.592	1,53	1,53	5.185	0,84	3,26
N10Z	Дијагностичка киретажа или дијагностичка хистероктоскопија	510,92	0,46	1.550	1,49	1,49	1.534	0,25	0,99
E62B	Респираторни инфекции/воспаленија со тешки или умерени компликации	1.609,08	1,44	1.547	1,48	1,48	13.594	2,21	8,79
E65B	Хронична опструктивна болест на дишните патишта без катастрофални или тешки компликации	1.124,37	1,01	1.544	1,48	1,48	12.638	2,05	8,19
J11Z	Други процедури на кожа, субкутано ткиво и гради	630,46	0,57	1.366	1,31	1,31	1.853	0,30	1,36
E65A	Хронична опструктивна болест на дишните патишта со катастрофални или тешки компликации	1.447,75	1,30	1.250	1,20	1,20	13.165	2,14	10,53
B70C	Удар без катастрофални или тешки компликации	1.512,05	1,36	1.244	1,19	1,19	14.445	2,35	11,61
N09Z	Конизација, процедури на	666,15	0,60	1.229	1,18	1,18	2.636	0,43	2,14

ДСГ група	ДСГ група	ДСГ тежина	% ДСГ тежина	број на случаи	% број на случаи	денови на престој	% денови на престој	Просечен престој	Просечна старост на пациентот
	вагина, цервикс и вулва								
O05Z	Абортус со процедура во операциона сала	358,72	0,32	1.198	1,15	1,15	1.355	0,22	1,13
F66B	Коронарна атеросклероза без компликации	593,05	0,53	1.186	1,14	1,14	5.572	0,91	4,70
G68B	Гастроентеритис, возраст <10 без компликации	399,80	0,36	1.130	1,08	1,08	4.671	0,76	4,13
L64Z	Уринарни камења и опструкции	476,90	0,43	1.074	1,03	1,03	5.065	0,82	4,72
K60B	Дијабетес без катастрофални или тешки компликации	687,12	0,62	969	0,93	0,93	6.655	1,08	6,87
G67B	Езофагитис, пореметувања на гастроинтестиналниот систе и разни пореметувања на дигестивниот систем, возраст >9 без катастроални или тешки компликации	347,75	0,31	947	0,91	0,91	4.039	0,66	4,27
D11Z	Тонсилектомија и/или аденоидектомија	473,02	0,42	871	0,84	0,84	3.087	0,50	3,54
H07B	Отворена Холецистектомија без затворен ЦДЕ без катастрофални компликации	1.178,24	1,06	843	0,81	0,81	5.301	0,86	6,29
G07B	Апендектомија без катастрофални или тешки компликации	891,99	0,80	840	0,81	0,81	3.995	0,65	4,76
E69B	Бронхитис и астма, возраст >49 или со компликации	492,42	0,44	772	0,74	0,74	5.411	0,88	7,01
F42B	Циркулаторни пореметувања без АМИ со инвазивни срцеви испитувања без комплексен DX/Pr	825,77	0,74	762	0,73	0,73	1.166	0,19	1,53
F75C	Други дијагнози на циркулаторниот систем без катастрофални или тешки компликации	499,68	0,45	758	0,73	0,73	5.075	0,83	6,70
F62B	Срцева слабост и шок без катастрофални компликации	607,21	0,54	748	0,72	0,72	5.397	0,88	7,22
H08B	Лапароскопска холецистектомија без затворен ЦДЕ без катастрофални или тешки компликации	1.258,65	1,13	732	0,70	0,70	2.950	0,48	4,03
F15Z	Перкутана коронарна интервенција без АМИ со имплантација на стент	2.021,41	1,81	667	0,64	0,64	1.461	0,24	2,19
F67B	Хипертензија без компликации	296,91	0,27	648	0,62	0,62	3.579	0,58	5,52
Q61C	Пореметувања на црвени крвни зрнца без катастрофални или	324,89	0,29	618	0,59	0,59	3.384	0,55	5,48

ДСГ група	ДСГ група	ДСГ тежина	% ДСГ тежина	број на случаи	% број на случаи	денови на престој	% денови на престој	Просечен престој	Просечна старост на пациентот
	тешки компликации								
F66A	Коронарна атеросклероза со компликации	448,33	0,40	593	0,57	0,57	4.478	0,73	7,55
N04Z	Хистероктомија, не за малигном	1.098,92	0,99	582	0,56	0,56	5.714	0,93	9,82
N62B	Менструални и други пореметувања на женскиот репродуктивен систем без компликации	157,28	0,14	582	0,56	0,56	1.123	0,18	1,93
H64B	Пореметувања на билијарниот тракт без компликации	331,58	0,30	545	0,52	0,52	2.649	0,43	4,86
I68B	Нехируршки ’рбетни пореметувања без компликации	350,57	0,31	541	0,52	0,52	4.674	0,76	8,64
I69C	Коскени болести и спец. Артропатии, возраст <75 без катастрофални или тешки компликации	343,43	0,31	512	0,49	0,49	2.620	0,43	5,12
G66B	Абдоменална болка или мезентеричен аденитис без компликации	154,44	0,14	493	0,47	0,47	1.182	0,19	2,40
J65B	Траума на кожа, субкутано ткиво и гради, возраст <70	142,63	0,13	483	0,46	0,46	1.169	0,19	2,42
L60C	Затајување на бубрезите без катастрофални или тешки компликации	380,17	0,34	463	0,44	0,44	3.237	0,53	6,99
F72B	Нестабилна ангина без катастрофални или тешки компликации	277,01	0,25	457	0,44	0,44	2.572	0,42	5,63
M04B	Процедури на тестиси без компликации	339,56	0,30	453	0,43	0,43	2.060	0,33	4,55
D61Z	Нерамнотежа	184,99	0,17	446	0,43	0,43	2.558	0,42	5,74
B76B	Напад без катастрофални или тешки компликации	224,15	0,20	439	0,42	0,42	2.865	0,47	6,53
F60B	Циркулаторни пореметувања со АМИ без инвазивни срцеви испитувања без катастрофални или тешки компликации	496,08	0,45	436	0,42	0,42	3.014	0,49	6,91
I03C	Репласман на колк без катастрофални или тешки компликации	2.368,13	2,12	431	0,41	0,41	7.062	1,15	16,39
L63C	Инфекции на бубрези и уринарен тракт, возраст <70 без катастрофални или тешки компликации	232,31	0,21	422	0,40	0,40	2.516	0,41	5,96
G68A	Гастроентеритис, возраст <10 со компликации	273,81	0,25	421	0,40	0,40	2.211	0,36	5,25
D63A	Отитис медија и УРИ со компликации	221,31	0,20	416	0,40	0,40	2.161	0,35	5,19
F10Z	Перкутана коронарна интервенција со АМИ	1.479,02	1,33	416	0,40	0,40	2.009	0,33	4,83
J08B	Други процедури за кожен графт и/или трепанција без	335,67	0,30	406	0,39	0,39	1.417	0,23	3,49

ДСГ група	ДСГ група	ДСГ тежина	% ДСГ тежина	број на случаи	% број на случаи	денови на престој	% денови на престој	Просечен престој	Просечна старост на пациентот
	катастрофални или тешки компликации								
E71C	Респираторни неоплазми без компликации	344,34	0,31	402	0,39	0,39	2.425	0,39	6,03
G08B	Абдоменални процедури и други процедури на хернија, возраст 1 до 59 без катастрофални или тешки компликации	321,71	0,29	398	0,38	0,38	1.950	0,32	4,90
I08B	Други процедури на колк и фемур без катастрофални или тешки компликации	1.207,84	1,08	398	0,38	0,38	5.326	0,87	13,38
J67A	Мали пореметувања на кожата	218,87	0,20	395	0,38	0,38	2.109	0,34	5,34
H63B	Пореметувања на црниот дроб, освен малигноми, цироза, алкохолем хепатитис, без катастрофални/тешки компликации	386,98	0,35	389	0,37	0,37	4.688	0,76	12,05
D12Z	Други процедури на уво, нос, уста и грло	295,59	0,27	379	0,36	0,36	847	0,14	2,23
F65B	Периферни васкуларни пореметувања без катастрофални или тешки компликации	295,37	0,26	377	0,36	0,36	3.143	0,51	8,34
C14Z	Други процедури на окото	98,92	0,09	375	0,36	0,36	233	0,04	0,62
L07B	Трансуретални процедури освен простатектомија без катастрофални или тешки компликации	397,02	0,36	374	0,36	0,36	1.978	0,32	5,29
N07Z	Други процедури на матка, јајници и јајцеводи за немалигноми	395,23	0,35	371	0,36	0,36	2.383	0,39	6,42
B69B	ТИА и предцеребрална оклузија без катастрофални или тешки компликации	248,56	0,22	364	0,35	0,35	2.425	0,39	6,66
U63B	Големи афективни пореметувања, возраст <70 без катастрофални или тешки компликации	436,38	0,39	364	0,35	0,35	6.966	1,13	19,14
X60C	Повреди, возраст <65	146,43	0,13	364	0,35	0,35	726	0,12	1,99
F67A	Хипертензија со компликации	275,67	0,25	354	0,34	0,34	2.434	0,40	6,88
O64A	Лажни трудови пред 37 недела или со катастрофални компликации	104,82	0,09	347	0,33	0,33	1.088	0,18	3,14
G70B	Други дијагнози на дигестивниот систем без компликации	138,21	0,12	334	0,32	0,32	979	0,16	2,93
I18Z	Други процедури на колено	353,86	0,32	320	0,31	0,31	1.802	0,29	5,63
F42A	Циркулаторни пореметувања без АМИ	399,35	0,36	317	0,30	0,30	770	0,13	2,43

ДСГ група	ДСГ група	ДСГ тежина	% ДСГ тежина	број на случаи	% број на случаи	денови на престој	% денови на престој	Просечен престој	Просечна старост на пациентот
	со инвазивни срцеви испитувања со комплексен DX/Pr								
G69Z	Езофагитис и разни пореметувања на дигестивниот систем, возраст <10	112,51	0,10	310	0,30	0,30	998	0,16	3,22
I23Z	Локална ексцизија и отстранување на внатрешни уреди за фиксација освен на колк и фемур	242,77	0,22	310	0,30	0,30	1.346	0,22	4,34
G60B	Дигестивен малигном без катастрофални или тешки компликации	277,56	0,25	309	0,30	0,30	2.554	0,42	8,27
B70B	Удар со тешки компликации	550,95	0,49	306	0,29	0,29	3.937	0,64	12,87
T63B	Вирусно заболување, возраст <60 без компликации	145,68	0,13	304	0,29	0,29	1.877	0,31	6,17
U64Z	Други афективни соматоформни пореметувања	233,49	0,21	303	0,29	0,29	3.943	0,64	13,01
J09Z	Перианални и пилонидални процедури	200,73	0,18	302	0,29	0,29	1.341	0,22	4,44
P66C	Новороденче, тежина при прием 2000-2499 g без сигнификантни процедури во операциона сала со друг проблем	298,64	0,27	298	0,29	0,29	2.048	0,33	6,87
E70B	Пертусис и акутен бронхолитис беа компликации	174,85	0,16	295	0,28	0,28	2.135	0,35	7,24
F71B	Неголема аритмија и пореметување на протокот без катастрофални или тешки компликации	140,97	0,13	281	0,27	0,27	1.435	0,23	5,11
G02B	Големи процедури на тенкото и дебелото црево без катастрофални компликации	1.105,95	0,99	277	0,27	0,27	3.331	0,54	12,03
M06B	Други процедури во операциона сала на машкиот репродуктивен систем освен за малигноми	337,14	0,30	276	0,26	0,26	472	0,08	1,71
G08A	Абдоменални процедури и други процедури на херниja, возраст >59 или со (катастрофални или тешки компликации)	462,51	0,41	270	0,26	0,26	1.618	0,26	5,99
F08A	Големи реконструктивни васкуларни процедури без ЦПБ пумпа со катастрофални компликации	3.572,81	3,20	267	0,26	0,26	1.767	0,29	6,62
I30Z	Процедури на рака	134,40	0,12	265	0,25	0,25	587	0,10	2,22

ДСГ група	ДСГ група	ДСГ тежина	% ДСГ тежина	број на случаи	% број на случаи	денови на престој	% денови на престој	Просечен престој	Просечна старост на пациентот
M05Z	Обрежување	91,95	0,08	261	0,25	0,25	405	0,07	1,55
X62B	Труење/токсични ефекти на лекови и други супстанции, возраст <60 без компликации	97,44	0,09	259	0,25	0,25	1.108	0,18	4,28
